Бр. 12-2592/4
08.05 год. 2019

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на четиринаесеттата седница одржана на ден 06 маЈ 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност, односно нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-2592/1 од 03.05.2019 година.

Предметот со број 12-2592/1 од 03.05.2019 година да се затвари и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави писмено известување за постапувањето и за заклучокот донесен од страна на Државната комисија, како и со упатување предметната пријава, доколку смета за потребно, да ја достави на надлежно постапување на Народниот правобранител на Република Северна Македонија.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2592/1 од 03.05.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – лицето Бранко Георгиевски, овластен подносител на листа на кандидати за претседател на Република Северна Македонија Стево Пендаровски - за недозволени активности во текот на изборната кампања по повод изборите за избор на претседател на Република Северна Македонија.

Со пријавата се изнесуваат наводи и сомневања за прекршувања на членот 8-в од Изборниот законик, одредбите на Кодексот за фер и демократски избори потпишан на ден 31.03.2019 година, на член 36 на Меѓународната конвенција за заштита на правата на децата, како и на член 12 став 4 од Законот за заштита на децата - сторени на ден 30 април 2019 година со организирање и со учество на настан, насловен како "подготвуваме оброк со Гога, биди хуман и сподели оброк" – за подготвување и пакување на оброци со храна и нивна доства и доделување на деца без родители и родителска грижа во СОС Детско село во Скопје.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија ги зема во предвид наводите на подносителот за прекршувања на членот 8-в од Изборниот законик, одредбите на Кодексот за фер и демократски избори потпишан на ден 31.03.2019 година, на член 36 на Меѓународната конвенција за заштита на правата на децата, како и на член 12 став 4 од Законот за заштита на децата - сторени на ден 30 април 2019 година со организирање и со учество на настан, насловен како "подготвуваме оброк со Гога, биди хуман и сподели оброк" – за подготвување и пакување на оброци со храна и нивна доства и доделување на деца без родители и родителска грижа во СОС Детско село во Скопје во контекст на надлежностите на ДКСК уредени со одредбите од Глава четврта – Спречување на корупцијата во политиката, од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси- конкретно со одредбите од членовите 34 до 36 од Законот, како и во контекст на надлежностите уредени со членовите 8-а и 8-б од Изборниот законик. При ова, ДКСК особено се осврна на фактот дека Кодексот за фер и демократски избори од член 8-в од


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Изборниот законик не спаѓа во надлежност на ДКСК, туку пред се се однесува на делот на етиката-деонтологијата во спроведувањето на кампањата и изборите, а ја ја утврдува, меѓу другото обврската да не се врши притисок или закн за социјалнат сигурност на граѓаните.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk